# THE FIRST WORLD WAR IN MACEDONIAN HISTORIOGRAPHY

**Todor Chepreganov, PhD,**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
todor.cepreganov@ugd.edu.mk

**Sonja Nikolova, PhD**
Municipality of Shtip, Department of Education
sonja.nikolova@ugd.edu.mk

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology,
other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

In the article we present more important scientific reviews in monographs, collections of held scientific gatherings, articles, documents in Macedonian historiography in relation to the First World War written by Macedonian historiographers in the period from 1945 to 1991 and the interest for the First World War after the independence of the Republic of Macedonia.

**Key words:**
First World War, Macedonian historiography

**Theme/s:**
Modern History, War History, Historical Theory and Method

## ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА

Формирањето на македонската држава на 2 август 1944 година, како резултат на победата на Антихитлеровската коалиција во текот на Втората светска војна, ја промени геополитичката карта на Балканот. Овој историски факт ќе биде сосема заокружен по дезинтеграцијата на југословенската федерација во 1991 година. Македонија се прокламира како независна и суверена држава на Балканот на 8 септември 1991 година.

Македонската историографија е релативно млада и има исто години како и македонската држава. Нејзината основна задача по самото формирање беше и сè уште е да ги истражи и да ги толкува процесите низ кои поминал македонскиот народ низ милениумскиот опстој на овие простори. Имајќи го предвид ова, македонските истриографи со преземените истражувања и толкувања започнаа пред домашната и странската научна и пошироката јавност, за прв пат, да ја афирмираат македонската историска вистина.

Ако се направи само краток пресек на развојот на македонската историографија од 1945 година до паѓањето на Берлинскиот ѕид може да се забележи дека во тој период се формира и македонската историска доктрина во изучувањето на историското и културното наследство на македонскиот народ и заедниците кои живеат на територијата на Македонија. Но исто така треба да се има предвид дека за разалика од балканските народи чии држави се формираа при крајот на XIX и почетокот на XX век како независни држави и чии историографии се развиваат во рамките на националните држави, македонскиот народ ја немаше таа судбина. Тој без своја држава и институции на истата беше фрлен на буништето на историјата и околу душите на Македонците балканските држави го вложуваа целиот свој пропаганден апарат за да ги придобијат за себе, да заборават кои се и што се. Наоѓајќи се под таква социјална, политичка и идеолошка матрица македонската историографија се најде под политички притисок. Основниот притисок беше во однос на едностраното презентирање на историјата на македонскиот народ. Но тоа беше и време кога за прв пат во историјата на Македонија

се формира Катедра за историја при Филозофскиот факултет (1946), Институт за национална историја (1948) и Архив на Народна република Македонија (1951). Со тоа се создадоа и услови за систематско истражување на појавите, процесите и личностите во македонската историја.

Треба да се истакне дека научно истражувачката работа беше насочена кон настаните и личностите од Втората светска војна, пренагласување на улогата на работничката класа, улогата на комунистите во историскиот развој на македонскиот народ и сл. Тоа сигурно од своја страна имаше и психолошки притисок на голем број од македонските историографи кои ја применуваа автоцензурата во своите написи. Несомнено беше многу ризично да се биде историчар во тие времиња. Основната задача на историчарите беше да градат култ спрема комунизмот и новата федеративна југословенска држава. Тоа беше единствениот начин да се напредува во кариерата. Во такви општествено-политички услови се развиваше македонската историографија сè до паѓањето на Берлинскиот ѕид.

Но и покрај таквите услови, македонската историографија направи крупни чекори во развојот. Беа направени голем број на истражувања во соседните балкански држави, во Бугарија, Србија, но не и во Грција и Албанија. Исто така беа вршени истражувања и во западна Европа, во Франција и во Велика Британија.

Според проф. д-р Даринка Пачемска и проф. д-р Виолета Ачковска „во првите години на НРМ се создаваше историографија во најширока смисла на зборот, во која се вбројува:

а) научната историографија која создаваше трудови од историската наука, пишувани согласно теоретските и методолошките сознанија во тогашната историска наука;

б) историска литература (историска публицистика, мемоарска литература, историска белетристика) и

в) ангажирана или партиска историографија која третираше одредени историски процеси, појави, личности, но, од аспект на тогашната дневнополитичка потреба за афирмирање на погледи и ставови за минатото, кои беа потребни за промовирање на

новото социјалистичко општество и на класната идеологија (односно заради обезбедување на историски легитимитет на владеачката партија)“.[1]

Меѓутоа, без разлика на идеолошката матрица која ја имаа некои од овие трудови тие на еден или на друг начин одиграа значајна улога во заштитата на „современата македонска држава, на идентитетот на македонскиот народ, за одбраната на македонската нација, јазик и култура...“[2].

Во тој контекст треба да се сместат и истражувањата во однос на настаните од Првата светска војна.

Монографиите и научните прилози кои се однесуваа на Првата светска војна од самиот свој почеток се однесуваа пред сè на настаните кои се случиле на територијата на Македонија, а поголемиот дел од прилозите се однесуваат на локалната историја. Во тој контекст се трудовите на: М. Пандевски и Ѓ. Стоев – Трнката[3], Б. Панов[4], Г. Тодоровски[5], В. Картов[6]. Историографот Ристо Поплазаров во својот прилог[7], обработува прашања кои се однесуваат на животот на македонскиот народ во делот на Македонија во рамките на Грција во периодот од 1915 до 1918 година. Исто така, историографот Петар Стојанов во прилогот[8] својот интерес го насочува и кон политиката на Бугарија кон Србија во текот на 1914 и 1915 година при што посебно внимание посветува на четничката провокација во Македонија, за Валандовската афера и последиците од неа, теророт на српската власт врз недолжното македонско население во пролетта на 1915 година.

[1] Проф. д-р Даринка Пачемска, проф. д-р Виолета Ачковска, Осознавање на историјата, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, Скопје, 2007, 119-120.
[2] Исто таму, 120.
[3] Струмица и Струмичко низ историјата.
[4] Струмица во времето на Балканските и Првата светска војна“, сп. Историја, Скопје, бр. 1, 1969, 84.
[5] Малореканскиот предел, Скопје, 1970, 439.
[6] Валандово и Валандовско низ историјата, Скопје, 1972.
[7] Прилог кон проучувањето на историјата на Македонија во времето на Првата светска војна, Гласник на ИНИ, Скопје, бр. 1, 1966, 59-91.
[8] ‘Неутралноста’ на Бугарија и Валандовската афера во 1915 година, Гласник на ИНИ, Скопје, бр. 1, 1965, 103-129“,

За состојбата на фронтот и особено за револуционерната состојба во Македонија од 1915 до 1918 година се осврнува Павле Митревски.[9]

Дел од македонските историографи се осврнуваат и на активноста на македонската емиграција која се наоѓала во европските земји и со своите написи настојувала да ја анимира европската јавност за настаните кои се случувале во Македонија. Преку своите написи тие барале повлекување на бугарските, српските и грчките управи од територијата на Македонија и формирање на обединета, самостојна и независна македонска држава. Во тој контекст со свои прилози се пројавиле историографите: Љубен Лапе[10], Блаже Ристовски[11], Тодор Симовски[12]. Одредени автори меѓу кои, Иван Катарџиев[13] и Орде Ивановски[14] се осврнуваат и на одразот на Октомвриската револуција во Македонија.

Во 1981 година д-р Глигор Тодоровски ја објавува студијата „Македонија по Балканските војни“[15]. Во неа авторот се осврнува на административниот и полицискиот апарат и политичко-административната поделба на Македонија. Исто така се разгледува и просветната политика на Кралството Србија во Вардарска Македонија по Балканските војни.

[9] П. Митревски, Четири години во рововите на Солунскиот фронт (Дневник на еден учесник во Првата светска војна), Историја, бр. 2, Скопје, 1974, 419 – 432.

[10] Љ. Лапе, Придонесот на македонските студенти во странство за развитокот на македонскиот национален индивидуалитет, *Историја*, бр. 2, Скопје, 1970, 50-71; Љ. Лапе, Активноста на Главниот одбор на македонските друштва во Швајцарија 1918-1919 година и документација за тоа, *Гласник на ИНИ*, бр. 1, 1965, Скопје, 131-191; Љ. Лапе, Идејните основи на Привременото претставништво во бившата обединета Внатрешна македонска револуционерна организација и неговата активност на Париската мировна конференција во 1919 година, Историја, бр. 2, Скопје, 1973, 53-96.

[11] Б. Ристовски, Програмата на македонскиот револуционерен комитет во Петроград од 1917 година за балканска федеративна демократска република, *Историја*, бр. 1, 1971, Скопје, 103-116; Б. Ристовски, Мисирков за улогата на Македонија и Македонците во меѓусебните односи со соседите, *Современост*, бр. 2-3, 1970, Скопје, 221-240.

[12] Т. Симовски, Миграционите движења и етничката положба на Егејска Македонија, Гласник на ИНИ, бр. 1-2, Скопје, 1969, 57-81.

[13] И. Катарџиев, Октомвриската револуција и македонското национално прашање во периодот на создавањето на Југославија, Гласник на ИНИ, бр. 2, Скопје, 1967, 23-37;

[14] О. Ивановски, Одразот на Октомвриската револуција врз ставовите на балканските социјалисти спрема македонското прашање во првите години по револуцијата, Гласник на ИНИ, бр. 2, Скопје, 1967, 39-54.

[15] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни. Општествено-економски и просветни прилики во Вардарска Македонија (1912-1915 год.), „Култура“ – Скопје, 1981, 421.

По осамостојувањето на Р. Македонија во 1991 година процесот на демократизација ја зафати и историската наука. На површина се појавија историски теми за личности и настани за кои дотогаш не смееше да се пишува. Се отворија сите бели петна во македонската историја. Посебно место ѝ се даде на историјата на Антиката како и на Национално револуционерниот период, периоди кои дотогаш беа занемарени во историографијата и учебниците по историја. Но и покрај тоа, истражувањата за Првата светска војна не беа во центарот на истражувањето на македонските историографи.

Во 1994 година излезе од печат зборникот на документи „Македонија во меѓународните договори 1875-1919 година“[16] во кој се поместени два документи кои се однесуваат на периодот на Првата светска војна. Првиот се однесува на Тајната спогодба меѓу Бугарија и Германија од септември 1915 година,[17], а вториот е од 27 ноември и се однесува на Договорот за мир на победничките држави од Првата светска војна и Бугарија.[18]

Во 1998 година група научни работници од Институтот за национална историја: д-р Тодор Чепреганов, д-р Васил Јотевски, д-р Ѓорѓи Чакарјаневски и м-р Катерина Наумоска го објавија првиот историски атлас на македонски јазик[19] за основното и средното образование. Во историскиот атлас се поместени пет карти кои се однесуваат на Првата светска војна (Европа пред почетокот на Првата светска војна, Првата светска војна од 1914 до 1918 година – Западен фронт, Првата светска војна од 1914 до 1918 година – Источен фронт и Балканските држави во Првата светска војна). За сите карти постои и краток текст како објасување.

Во однос на објавени монографии и научни прилози за Првата светска војна, во периодот по осамостојувањето, посебно место зазема објавената волуменозна „Воена историја на Македонија“[20] во 2000 година од воениот историчар проф. д-р Ванче

[16] Македонија во меѓународните договори и 1875 – 1919, избор, редакција и коментар, Проф. д-р Александар Христов, д-р Јован Донев, Архив на Македонија, Матица Македонска, Диломатска историја на Македонија, Скопје, 1994, 241.

[17] Исто, 192.

[18] Исто, 194.

[19] Тодор Чепреганов, Васил Јотевски, Ѓорѓи Чакарјаневски, Катерина Наумоска, Историски атлас со 114 карти (второ издание), Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, Скопје, 1998.

[20] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, Воена академија „Михаило Апостолски“, 2000, Скопје, 841.

Стојчев. Трудот е составен од две книги. Треба да се нагласи дека тоа е единствена монографија печатена во формат А4 на вкупно 841 страница. Во првата книга се разработени содржини на најзначајните битки, востанија и војни, а во втората книга[21] во целост се претставени, со скици, распоредот со завојуваните страни и борбените дејства. Во монографијата во првиот дел, кој се однесува на општата воена историја во Европа, се даваат податоци и за Првата светска војна (69-93) при што д-р Стојчев се осврнува на општата состојба во светот, формирањето на воените сојузи, причините за Првата светска војна, при што нагласува дека „основна причина за војната е борбата меѓу големите сили за нови колонии, за превласт врз старите колонии и за доминација во светот“. Дадените податоци во монографијата се дадени врз база на веќе објавена историска литература пред сè од југословенска провиниенција и објавена во седумдесеттите и осумдесеттите година на XX век. Во тој контекст авторот се осврнува на воените планови на завојуваните страни: германски, австроунгарски, француски, руски, британски, српски, црногорски.[22] Во посебни делови се дава преглед на воените дејствија на Балканскиот Полуостров при што се потенцира Церската битка[23], битката на Дрина[24] и Колубарската битка[25], кои се одиграле во 1914 година. Како воен историчар д-р Стојчев дава детални податоци за тоа како се одвивале воените дејствија. Од воените дејствија на Западниот фронт во 1914 година ја издвојува битката на Марна[26]. Исто така, во монографијата се дава преглед и на борбените дејствија на Источниот фронт во 1914 година како: борбите во Источна Прусија и борбите во Галиција.[27] Како најважни настани од 1915 година авторот ги издвојува операциите на Балканското војувалиште,[28] а од 1916 година се дадени битката кај Верден,[29] битката кај Сома[30] офанзивата на Брусилов[31]. Од настаните во 1917 година на источниот фронт

[21] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија (Скици), Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, Воена академија „Михаило Апостолски“, 2000, Скопје, 200.
[22] Исто таму, 74-78.
[23] Исто, 79.
[24] Исто, 80.
[25] Исто, 81.
[26] Исто, 84.
[27] Исто, 84-85.
[28] Исто, 86.
[29] Исто, 88.
[30] Исто 89.
[31] Исто, 90.

ја истакнува Февруарската револуција[32], а посебно место му дава на влегувањето на САД во војната. На крајот е дадена капитулацијата на Централните сили.[33]

Во посебен дел авторот се осврнува и на состојбите во Македонија во Првата светска војна и положбата на македонското население.[34] Познато е дека македонскиот народ Првата светска војна ја дочека поделен со Договорот од Букурешт во 1913 година. Авторот нагласува дека со Букурешкиот мировен договор не биле задоволни и самите потпишувачи. Бугарија поради тоа што го добила најмалиот дел, Србија затоа што не го добила Солун и не излегла на Егејското Море, а Грција затоа што не се проширила до Шар Планина „што ја сметала за природна граница од стратегиска важност за одбраната на Егејското Море". Од друга страна, и Австро-Унгарија и Германија не биле задоволни со Букурешкиот мировен договор поради фактот што балканските земји со протерувањето на османлиската војска паднале под влијание на Русија, Велика Британија и на Франција. Со тоа, како што заклучува авторот, „биле создадени сите услови Македонија повторно да стане полигон за вооружени судири, а македонскиот народ повторно да се втурне во братоубиствена војна„.[35] Во тој контекст авторот се осврнува на: состојбата во Македонија непосредно пред Првата светска војна, масовната насилна мобилизацијата на Македонците во српската, бугарската и во грчката војска.[36] Исто така, во посебен дел д-р Стојчев се осврнува на бунтот на регрутите Македонци кога на 15 април 1914 година во Крагуевац при чинот на давање заклетва, наместо да ги повторуваат зборовите на свештеникот тие се спротивставиле и не сакале да се заколнат; веднаш по објавувањето на војната мобилизираните Македонци биле распоредени во разни дивизии и упатени на фронтовската линија. Вкупниот број на распределни регрути изнесувал 12.000.[37] Се осврнува и на воведувањето на српскиот административен систем и административно-територијалната поделба на делот на Македонија во рамките на Србија, обидот на Јане Сандански да ја спречи новата катастрофа, поделбата на Македонија[38], како и на вооружените акции на ВМРО во 1915 година (акциите кај Валандово и Удово),[39]

[32] Исто.
[33] Исто, 92.
[34] Исто, 585-620.
[35] Исто, 585.
[36] Исто, 585-588.
[37] Исто, 587.
[38] Исто, 591.
[39] Исто, 592-595.

пристапувањето на Бугарија кон Централните сили во октомври 1915 година и навлегувањето на бугарските сили во Македонија, при што помош им дале австроунгарската и германската војска. Д-р Стојчев истакнува дека „бугарската влада настојувала да ја искористи сета македонска политичка и економска емиграција во Бугарија за да ја вклучи во воспоставувањето на бугарската власт во Македонија и така да се претстави како нејзина ослободителка“. Во тој контекст биле посебно ангажирани членовите на ВМРО[40]. Исто така, д-р Стојчев посебно внимание посветува на Македонците во бугарската војска т. е. мобилизацијата на Македонците од делот на Македонија во рамките на Бугарија, формирањето на 11 пешадиска македонска дивизија чиј старешински состав бил обезбеден од бугарската армија од постојаниот состав, а биле ангажирани и офицери родени во Македонија „но кои имале високо изразени сознанија за своето бугарско потекло и кои имале докажана лојалност кон бугарската држава“[41]. Во овој контекст авторот се осврнува и на: формирањето на партизански одред, формирањето на дополнителниот македонски полк и на Втората окупациска бригада и формирањето на планинската дивизија како и на Македонците во грчката армија чие „мобилизирање се вршело на истиот начин како во српската и бугарската, по пат на сила и терор“[42]. Посебно место во трудот се посветува на формирањето на македонскиот фронт при што во детали се обработени сите фази и борби на двете спротиставени страни силите на Антантата и Централните сили. Авторот потенцира дека „создавањето на македонскиот фронт започнало во октомври 1915 година со концентрација на силите на Антантата во Солун“. Во тој контекст се дава распоредот на силите на Антантата и Централните сили, а е даден и текот на борбените дејствија кај Горничево, Кајмакчалан, Црна Река и Доброполската битка која завршила со тежок пораз на германската и бугарската војска на Македонскиот фронт што било причина германската и бугарската војска да се повлечат од Македонија[43]. Првата светска војна заврши со Версајскиот мировен договор во 1919 година. Со него била потврдена поделбата на Македонија со Букурешкиот мировен договор со само една измена: Струмица со околијата што влегувала во состав на Бугарија според Версајскиот мировен договор ѝ била дадена на Србија. Територијата на Македонија повторно била под бугарска, грчка и српска власт. Сите операции кои се

[40] Исто, 598.
[41] Исто, 602.
[42] Исто, 601-608.
[43] Исто, 609-617.

анализирани во првата книга се поткрепени со скици за поважните борби кои се претставени во втората книга.

Во текот на 2007 година излезе од печат и монографијата „Дојранските позиции на Македонскиот фронт 1915-1918 година“ од м-р Александар Стојчев тема која во македонската историографија скоро воопшто не беше обработувана и која претставува магистерски труд. Трудот е работен врз архивска документација и историска литература од различна провиниенција, а исто така користени се и монографии, мемоари и научни прилози од архивите и институтите во Лондон, Белград и Скопје.

Во трудот м-р Александар Стојчев прави осврт на дојранските позиции кои го опфаќале просторот од Дојранското езеро и се протегале до реката Вардар и од Дојранското Езеро кон врвот Висока Чука на граничното тромеѓе на планината Беласица, во должина од околу 40 км. На таа фронтовска линија биле распоредени Централните сили, односно бугарско-германска војска. Тие ги поставиле и утврдиле Дојранските позиции во три посебни но, со ровови поврзани одбранбени линии. На јужната страна се утврдиле силите на Антантата, односно британско-француски и грчки вооружени сили. Соджината на трудот поделена на шест глави со околу шеесет наслови и поднаслови со 300 фусноти зборува за сериозноста со која е пристапено при работењето на трудот.

Исто така се објавени и неколку прилози кои се однесуваат на местото и улогата на македонските социјалисти во однос на Балканските и Првата светска војна.[44]

Во 2008 година во рамките на 60 години од формирањето на Институтот за национална историја беше објавена Историја на Македонија - скратено издание,[45] на македонски и на англиски јазик, во која во посебен дел, чиј автор е академик Иван Катарџиев, е опфатено учеството на Македонците во Првата светска војна.

[44] П. Стојанов, Македонските социјалисти во војните од 1912 до 1918 година, Работничкото движење до 1929, материјали од научната средба, одржана во Титов Велес на 8, 9 и 10 мај 1969, по повод 40-годишнината од смртта на Васил Главинов и 50-годишнината на КП, Скопје, 1971, 125-135; Т. Симовски, Активноста на „Federation“ и нејзините врски со балканските и другите социјалдемократски партии (1908-1918), Гласник на ИНИ, бр. 1, Скопје, 1965, 5-28.

[45] Историја на македонскиот народ, Институт за национална историја, Скопје, 2008, 216-224.

Во 1991 година во издание на МАНУ беше објавен Зборникот на трудови од одржаниот научен собир „Македонија во војните 1912 – 1918“ во 1988 година во организација на МАНУ. Во Зборникот се застапени вкупно 29 научни прилози чија тематика се трите војни – двете балкански и Првата светска војна на Балканот и во Македонија. Од вкупно 29 научни прилози само 11 се однесуваат на Првата светска војна. Содржински тие даваат слика за положбата во/на македонското ослободително движење,[46] Македонија[47] и македонскиот народ,[48] на локално ниво Штип,[49] Малешевско,[50] Прилеп и Прилепско,[51] Злетовската област[52], односот на балканските социјалисти во однос на Балканската и Првата светска војна,[53] црковната положба[54] и сл.

[46] Манол Пандевски, Македонското ослободително движење меѓу 1903 и 1918 година: Развојни фази, внатрешни диференцијации, политички групации, појавни облици, Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1991, 13-38; Александар Т. Христов, Легитимно претставување на македонското ослободително движење за остварување на правото на самоопределување на македонскиот народ (1912-1919), Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1991, 87-94.

[47] Боро Мокров, А. М. Селишчев за Македонија (1912-1915), Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1991, 223-228; Богумил Храбак, Македонија 1902-1915 у италијанско-бугарским суочењима, Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1991, 251-266.

[48] Васа Чубриловић, Ослободилачки покрети и борбе македонског народа у XIX и XX столећу, Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1991, 39-56.

[49] Никола Едровски, Штип во војните, Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1991, 343-356.

[50] Благој Чукарски, Економско-социјалните последици од војните од 1912 до 1918 година со посебен осврт на Малешевско, Македонија во војните 1912 – 1918, Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1991, 367-374.

[51] Економско-социјалните последици од војните од 1912 до 1918 година во Прилеп и Прилпско, Македонија во војните 1912 – 1918, Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1991, 357-366.

[52] Александар Апостолов, Злетовската област во војните од 1912-1918 година, Македонија во војните 1912 – 1918, Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1991, 319-334.

[53] Балканските социјалисти и војните во Македонија 1912 – 1918, Македонија во војните 1912 – 1918, Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1991, 163-184.

[54] Страници од црковната положба во Македонија во 1912-1918 година, Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1991, 374-390.

Во 2003 година по повод 100 години од Илинден излезе Зборникот на научни трудови одржан во 2002 година „Македонија во дваесеттиот век“.[55] Од вкупно 26 поднесени научни прилози само три, делумно се однесуваат на Првата светска војна , два во контекст на мировните преговори и еден во контекст на македонските социјалисти.

Проф. д-р Надежда Цветковска во својот прилог[56] се осврнува на мировните преговори од 1913 година (Букурешкиот моровен договор) и 1919 година (Версајскиот договор) и застапеноста на истите на Македонија. Во истиот зборник Проф. д-р Марјан Димитријевски во својот прилог[57] се осврнува на делбите на Македонија во XX век и нотира седум макро и микро поделби на Македонија, а две од нив се однесуваат на поделбите во Првата светска војна.[58] Првата поделба била извршена во текот на војната кога територијата на Македонија „беше поделена помеѓу царска Бугарија и војските на Централните сили од една страна и од друга помеѓу кралска Грција и Антантата“,[59] а втората кога беше санкционирана, со мали измени, поделбата од Букурешт на Париската мировна конференција. Д-р Бранко Надовеза се осврнува на улогата на македонските социјалисти во време на Балканските и Првата светска војна и нивниот однос спрема балканска федерација во чии рамки сметале дека ќе се реши македонското прашање.[60]

Исто така парцијални написи во однос на Првата светска војна постојат во поголем број монографии кои се однесуваат на општините во Македонија.

[55] Македонија во дваесеттиот век, По повод 100 години од Илинден, Институт за национална историја, Скопје, 2003, 313.

[56] Надежда Цветковска, Мировните договори од 1913 и 1919 година и Македонија, Македонија во дваесеттиот век, По повод 100 години од Илинден, Институт за национална историја, Скопје, 2003, 81-87.

[57] Марјан Димитријевски, Делбите на Македонија во XX век, Македонија во дваесеттиот век, По повод 100 години од Илинден, Институт за национална историја, Скопје, 2003, 89-96.

[58] Исто таму, 91.

[59] Исто.

[60] Бранко Надовеза, Македонските социјалисти во Балканските и во Првата светска војна и нивниот однос спрема Балканската федерација и решавањето на македонското прашање. Македонија во дваесеттиот век, По повод 100 години од Илинден, Институт за национална историја, Скопје, 2003, 97-103.